08-1443/7
22-07-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година донесе:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1443/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1443/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1443/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето _____ по избор на функцијата член на совет на Општина _____

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека Јован Поповски во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на фукцијата член на совет на Општина _____, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес и сторила прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1443/5 од 26.05..2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 02.06.2026 година видно од дата и потпис на повратницата. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.
И по уплатата на глобата лицето има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор